**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401

Бр. 04-682/19
22-09-2022

Скопје

Врз основа на чл. 110 став 1 точка 8 и чл. 175 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата 75. редовна седница одржана на 21.9.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

1. **Д-Р ГОРДАНА АЛЕКСОВА се избра** во звањето **вонреден професор** во наставно-научните области **(64000) Македонистика (Современ македонски јазик и Граматика на македонскиот јазик) и (64028) Методика на јазик.**

2. Именуван/-иот/-ата заснива работен однос на определено работно време до 20.9.2027 година.

3. Во стекнатото звање именуван/-иот/-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

**О б р а з л о ж е н и е**

На објавениот конкурс за избор на **вонреден професор** во наставно-научните области **(64000) Македонистика (Современ македонски јазик и Граматика на македонскиот јазик) и (64028) Методика на јазик** објавен во дневните весниците „Слободен печат“ и „Коха“, се пријави кандидатот **д-р Гордана Алексова.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1267.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 21.9.2022 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

**1. Д-р Анета Дучевска, редовен професор**
**2. Д-р Димитар Пандев, редовен професор**
**3. Д-р Томислав Треневски, редовен професор**

едногласно го-ја избра **д-р Гордана Алексова** во звањето **вонреден професор.**

Согласно чл. 175 став 1 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ата, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за општи, правни работи и човечки ресурси и Архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1267**

Скопје, 1 септември 2022 година

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (64000) МАКЕДОНИСТИКА (СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ГРАМАТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК) И (64028) МЕТОДИКА НА ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 19.4.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (64000) македонистика (современ македонски јазик и граматика на македонскиот јазик) и (64028) методика на јазик, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-682/10, донесена на 27.5.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Анета Дучевска, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Димитар Пандев, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и д-р Томислав Треневски, редовен професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научните области (64000) македонистика (современ македонски јазик и граматика на македонскиот јазик) и (64028) методика на јазик, во предвидениот рок се пријави д-р Гордана Алексова.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Гордана Алексова е родена 1963 година во Скопје. Со високо образование се стекнала во 1985 година, кога дипломирала на студиската група Македонски јазик при Филолошкиот факултет во Скопје. На истиот факултет, во 1993 година, го одбранила својот магистерски труд под наслов: „Лингвостилистички пристап во наставата по македонски јазик“, со што се стекнала со научната титула магистер по филолошки науки од областа на македонистиката. Својата академска наобразба ја заокружува во 2017 година, кога го одбрани докторскиот труд под наслов: „Наставата по синтакса во основното и во средното образование низ модели на современите наставни системи“, пред Комисија во состав: д-р Стојка Бојковска, д-р Живко Цветковски, д-р Димитар Пандев, д-р Томислав Треневски, д-р Анета Дучевска. Со ова, кандидатката се здоби со право да конкурира за наставно-научното звање доцент во својата област. Изборот се изврши во ноември 2017 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Билтен бр. 1156 од 1.11.2017 година).

Кандидатката д-р Гордана Алексова активно се служи со англискиот јазик, со турскиот јазик, како и со повеќе словенски јазици.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката Алексова од изборот во звањето доцент, објавени во Билтен бр. 1156 од 1.11.2017, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други нејзини остварувања до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на својата наставно-образовна дејност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, д-р Гордана Алексова изведува настава на прв и на втор циклус студии преку востановените форми на предавања, вежби, практична настава, консултации и сл., по предметите од областа на македонистиката, и тоа: а. предавања, вежби, практична настава, консултации и испити по предметите Методика на наставата по македонски јазик 1 и Методика на наставата по македонски јазик 2 на прв циклус студии за наставната насока на студиските програми Македонски јазик, Македонска книжевност и Општа и компаративна книжевност; б. предавања, вежби, консултации и испити по предметите Граматика на македонскиот јазик и Современ

македонски јазик на прв циклус студии за студиската програма Албански јазик – преведување и толкување; в. предавања за втор циклус студии, консултации и испити по предметите Актуелни лингвистички проучувања за студиската програма Македонски јазик; и Македонски јазик и култура за студиската програма Конференциско преведување и толкување.

За време на извештајниот период, а и во изминатите години, д-р Алексова е континуирано ангажирана како лектор по македонски јазик на Летната школа при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура.

Кандидатката Алексова била ментор на четири дипломски трудови, а учествувала и како член во комисија за одбрана на петнаесет дипломски трудови.

Од другите наставно-образовни активности, за одбележување е нејзиното учество во реализација на тестовите по македонски јазик како странски – ТЕМАК, како и во организацијата и спроведувањето хоспитации и практични испити во основното и во средното образование.

Детален преглед на ангажманот во делот за наставно-образовната дејност на д-р Алексова е даден во Образец 2, како составен дел на овој Извештај.

Како заклучок кон овој дел, Комисијата смета дека д-р Гордана Алексова е докажан и изграден наставник и предавач, со изострени сетила за наставно-образовниот процес по предметот Македонски јазик – сам за себе, и како наставен предмет за студентите – идни наставници. Нејзиното долгогодишно искуство претставува значаен инструмент во нејзиниот натамошен кариерен развој.

**Научноистражувачка дејност**

Во извештајниот период, д-р Гордана Алексова има објавено вкупно 16 трудови со оригинални научни резултати од областа на македонистиката и од својата потесна област, во зборници и списанија со домашни и меѓународни уредувачки одбори. Референците на трудовите прецизно се наведени во Образец 1 и Образец 2, а овде ќе ги издвоиме следните точки од научноистражувачката дејност на кандидатката Алексова:

- раководител и главен истражувач на проектот под наслов: „Лицата со оштетен вид во улога на наставници по македонски јазик“, пријавен на конкурсот за научноистражувачки проекти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, и прифатен од соодветните факултетски и универзитетски тела;

- учесник во потпроектот: Introducing Media Literacy to Future Philologists на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во рамките на проектот на УСАИД за медиумска писменост - „Младите размислуваат“;

- коавтор на електронското издание на подновениот Правопис на македонскиот јазик;

- автор на учебникот „Лозје – учебник по македонски јазик за странци – средно рамниште“.

Како заклучок на овој дел, Комисијата смета дека д-р Гордана Алексова покажува интерес и склоност за научноистражувачка работа во апликативни сфери на лингвистичките дисциплини, јазичните рамништа и области во кои македонскиот јазик е предмет на интерес. За одбележување е нејзиниот креативен пристап и продлабочен увид во прашањата што ги обработува, како и доследноста во методологијата што ја употребува. Се очекува д-р Гордана Алексова да придонесе со нови, релевантни и значајни резултати од својата научноистражувачка работа за развојот на македонистиката во периодот што следува.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Гордана Алексова покажува високо ниво на вклученост во стручно-апликативната работа во факултетски и во универзитетски рамки, како и во рамки на други институции, поврзани со нејзината област. Овде ќе издвоиме неколку точки, а деталниот преглед е даден во Образец 2 во прилог на овој Извештај:

- член на Националниот експертски тим за развој на модуларизирани наставни програми базирани на компетенции во проектот на Бирото за развој на образованието – *Проект за развој на вештини и поддршка на иновации – развој и дизајн на концепција за средно четиригодишно техничко образование*;

- стручен консултант во проектот на UNDPMK – *TTS Voice Project – Speech synthesis software for the Macedonian and Albanian languages*;

- обучувач на наставници и учесник на семинар во рамките на проектот на Бирото за развој на образованието и УНИЦЕФ *Воведување на содржини за програма за животни вештини и училиште по мерка на детето и усогласување на наставните програми со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование*;
- надворешен соработник во Бирото за развој на образованието за изработка на наставни програми за предметот Македонски јазик за 1., 2., 3., 4. и 5. одделение според новата концепција за деветгодишно основно воспитание и образование од 2021 година;
- надворешен соработник во Бирото за развој на образованието за изработка на наставни програми за предметот Македонски јазик за 4., 5., 6., 7., 8 и 9. одделение на деветгодишното образование за учениците од другите заедници;
- надворешен соработник во Бирото за развој на образованието за изработка на наставни програми за предметот Македонски јазик и литература за 1., 2., 3. и 4. година на средното стручно образование;
- главен и одговорен уредник и член на Редакцијата на списанието *Литературен збор*;
- составувач и реализатор на акредитирани тестови за општинските, регионалните и државните натпревари по македонски јазик за основното и за средното образование;
- член на Комисијата за настава при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- член на Универзитетската конкурсна комисија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- член на Комисијата за наставата по методика при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје;
- член на Советот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура;
- претседател на *Сојузот на друштвата за македонски јазик на РСМ;*
- член на Поткомисијата за евалуација на Катедрата за македонски јазик.

Како заклучок на овој дел, Комисијата смета дека д-р Гордана Алексова несебично се вложува и во стручно-апликативната сфера, како и во сфери на поширок интерес од нејзиниот ангажман во академската заедница. Особено треба да се истакне, да се поздрави, и да се вреднува нејзиниот ангажман во правец на подобрување на наставата по предметот Македонски јазик во основното и во средното образование, со сите негови предизвици и перспективи. Исто така, за одбележување е и нејзиниот ангажман поврзан со статусот на предметот Македонски јазик во високото образование, како предмет на проучување и како јазик на наставата. На крајот, учеството на кандидатката Алексова во факултетските и во универзитетските тела и комисии, како и во другите државни ресорни институции, ја прават вреден и високо стручен кадар за натамошни потфати и активности.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и високо ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Гордана Алексова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Гордана Алексова поседува солидни научни и стручни квалитети и, според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области (64000) македонистика (современ македонски јазик и граматика на македонскиот јазик) и (64028) методика на јазик.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Гордана Алексова да биде избрана во звањето вонреден професор во научните области (64000) македонистика (современ македонски јазик и граматика на македонскиот јазик) и (64028) методика на јазик.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Анета Дучевска, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Пандев, с.р.**
**Проф. д-р Томислав Треневски, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** *Гордана Живко Алексова*

**Институција:** *Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје*

**Научна област:** *64000 македонистика (Современ македонски јазик; Граматика на македонскиот јазик)*
*64028 методика на јазик*

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | **Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус ***<br><br>Просечен успех на прв циклус студии 9,80.<br>Просечен успех на втор циклус студии 9,95. | да |
| 2 | **Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира**<br><br>Назив на научната област: 64000 македонистика (Современ македонски јазик, Граматика на македонскиот јазик) и 64028 методика на јазик;<br>научно поле: 604 наука за јазикот (Лингвистика);<br>научно подрачје: 6 хуманистички науки. | да |
| 3 | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**<br><br>Преведувањето во наставата по Ј2. *5. Mednarodno znanstveno srečanje mladih humanistov – Slovanski jeziki v šolstvu, znanosti, literaturi in kulturi.* Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani. Ljubljana, 22 september 2017. Ljubljana, 2019, 35–45.<br>75 години стандарден македонски јазик, наставен македонски јазик и настава по македонски јазик. *XLVII меѓународна научна конференција на LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 4 – 5 септември 2020*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Скопје, 2021, 207–213.<br>Слушањето и читањето како комуникациски и како методички пројави во онлајн наставата по македонски јазик. *Дигитална хуманистика и словенско културно наслеђе. Комисија за електронске библиотеке и дигиталну хуманистику МКС, Комисија за словенски свет и културе на Путу свиле МКС, Комисија за наставу словенских језика и књижевности МК, 28. и 29. јуни 2021, онлајн.* (во печат)<br>*Да*-конструкциите во прозата на Конески. *100 години Блаже Конески* | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
| --- | --- | --- |
| | *и 75 години Филолошки факултет, 13 – 14 декември 2021.* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во печат)<br>За едно функционално и целисходно научно тројство во наставата по македонски јазик. *Меѓународна научна конференција „75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи", 16–18 мај 2022, Охрид.* Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во печат) | |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>слов на трудот: _____________<br>дина на објава: _____________ | / |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1.Назив на научното списание: __________<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): __________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | / |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1.Назив на научното списание: _________<br>2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | / |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_______<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ___________ | / |
| 3.5 | **Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 1. Назив на зборникот: *Slovanski jeziki v šolstvu, znanosti, literaturi in kulturi.*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *5. Mednarodno znanstveno srečanje mladih humanistov*<br>3. Имиња на земјите: Австрија, Словенија, Хрватска<br>4. Наслов на трудот: *Преведувањето во наставата по Ј2*<br>5. Година на објава: 2019<br><br>1. Назив на зборникот: *XLVII меѓународна научна конференција на LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 4 – 5 септември 2020*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *XLVII меѓународна научна конференција на LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 4 – 5 септември 2020*<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Руска Федерација, САД<br>4. Наслов на трудот: *75 години стандарден македонски јазик, наставен македонски јазик и настава по македонски јазик*<br>5. Година на објава: 2021<br><br>1. Назив на зборникот: во печат<br>2. Назив на меѓународниот собир: *XLVIII научна конференција на LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 3 – 4.9.2021)*<br>3. Имиња на земјите: Македонија, Руска Федерација, САД<br>4. Наслов на трудот: *Концептот на Конески за „поврзување на плановите“ и неговиот одраз во наставата по македонски јазик.*<br>5. Година на објава:<br><br>1. Назив на зборникот: во печат<br>2. Назив на меѓународниот собир: *100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, 13 – 14 декември 2021*<br>3. Имиња на земјите: Македонија, САД, Словенија<br>4. Наслов на трудот: *Да-конструкциите во прозата на Конески*<br>5. Година на објава:<br><br>1. Назив на зборникот: во печат<br>2. Назив на меѓународниот собир: *75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи*<br>3. Имиња на земјите: Албанија, Босна и Херцеговина, Велика Британија, Египет, Италија, Израел, Казахстан, Македонија, Словачка, Србија, Турција, Украина, Унгарија, Хрватска, Црна Гора, Чешка<br>4. Наслов на трудот: *За едно функционално и целисходно научно тројство во наставата по македонски јазик*<br>5. Година на објава: | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: _______ | / |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 2. Година на објава __________<br>3. Издавач, место на издавање и година ______________ | |
| 4 | **Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен:**<br><br>16.11.2017 год.<br>15. редовна седница на ННС одржана на 15.11.2017 год.<br>Билтен бр. 1156 од 1.11.2017 год.<br>Број на Одлуката за избор во звањето доцент 04-2159/8 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ
## ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

**Кандидат:** Гордана Живко Алексова
**Институција:** Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
**Научна област:** 64000 македонистика (Современ македонски јазик; Граматика на македонскиот јазик)
64028 методика на јазик

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **ОДРЖУВАЊЕ НАСТАВА** | |
| **1.1.** | **Настава од прв циклус студии** | |
| 1.1.1. | 2017/2018 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (2+0)<br>2 x 8 x 0,04 = 0,64 | 0,64 |
| | Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (2+0)<br>2 x 8 x 0,04 = 0,64<br>(бројот на работните недели за зимскиот семестар е пресметан по изборот во звањето доцент на 15.11.2017) | 0,64 |
| | Теориски основи на методиката на наставата по македонски јазик (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Методика на наставата по македонски јазик 2 (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>(часовите по предметот Методика на наставата по МЈ 1 и 2 до 2021/2022 се заеднички за групите МЈ, МК и ОКК) | 1,2 |
| 1.1.2. | 2018/2019 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Методика на наставата по македонски јазик 2 (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| 1.1.3. | 2019/2020 зимски и летен семестар | |
| | Вовед во методиката на наставата по македонски јазик (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2 |
| | Теориски основи на методиката на наставата по македонски јазик (2+0) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Методика на наставата по македонски јазик 2 (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | <br>1,2<br><br>1,2 |
| 1.1.4. | 2020/2021 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br><br>Теориски основи на методиката на наставата по македонски јазик (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Методика на наставата по македонски јазик 2 (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2<br><br>1,2<br><br><br>1,2<br><br><br>1,2<br><br>1,2 |
| 1.1.5. | 2021/2022 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 МЈ (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Методика на наставата по македонски јазик 1 МК и ОКК (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br><br>Методика на наставата по македонски јазик 2 МЈ (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Методика на наставата по македонски јазик 2 МК и ОКК (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2<br>Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (2+0)<br>2 x 15 x 0,04 = 1,2 | 1,2<br><br>1,2<br><br><br>1,2<br><br><br>1,2<br><br>1,2<br><br><br>1,2 |
| **1.2.** | **Настава од втор циклус студии** | |
| 1.2.1. | 2020/2021 зимски семестар | |
| | Актуелни лингвистички проучувања на македонскиот јазик (Македонски јазик)<br>3 x 2 x 0,05 = 0,3<br>Македонски јазик и култура за студиската програма (Канцелариско преведување и толкување)<br>3 x 2 x 0,05 = 0,3 | 0,3<br><br><br>0,3 |
| 1.2.2. | 2021/2022 зимски семестар | |
| | Актуелни лингвистички проучувања на македонскиот јазик (Македонски јазик)<br>2 x 2 x 0,05 = 0,2<br>Македонски јазик и култура за студиската програма (Канцелариско преведување и толкување) | 0,2<br><br><br>0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 3 x 2 x 0,05 = 0,3 | |
| **1.3.** | **Настава во школи и работилници** | |
| 1.3.1. | Лекторска настава на Летната школа по македонски јазик при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура – 2018, 2019, 2020 и 2021 4 x 1 = 4<br>Лекторска настава на Зимската школа по македонски јазик при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура – 2021 и 2022 2 x 1 = 2<br>Курс за учесниците на 52. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид 2019 – *Интерпункцијата како писмена форма на прагматиката* 1 x 1 = 1 | 4<br>2<br>1 |
| 1.3.2. | Учесник во дводневните работилници за наставниците од основното образование во рамките на проектот на Бирото за развој на образованието и УНИЦЕФ: *Воведување на содржини за програма за животни вештини и училиште по мерка на детето и усогласување на наставните програми со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование* – 2021 13 x 1 = 13 | 13 |
| 1.3.3. | Учесник во Стручното советување организирано од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и АД „Просветно дело“, со предавање на тема: *Јазикот на медиумите меѓу комуникацијата и метајазикот во основното образование* – 2019 1 x 1 = 1 | 1 |
| 1.3.4. | Спроведувач на еднодневна работилница за наставници по руски јазик: *Јазичната вештина слушање во наставата по странски јазик,* организирана од Рускиот центар при УКИМ – 2019<br>1 x 1 = 1 | 1 |
| **1.4.** | **Одржување теренска настава** | |
| 1.4.1. | Хоспитации по предметот Методика на наставата по македонски јазик – летен семестар 2017/18, 2018/19, 2019/20 и 2020/21<br>4 x 8 x 0,04 = 1,28 4 години x 1,28 = 5,12 | 5,12 |
| **1.5.** | **Одржување вежби** | |
| 1.5.1. | 2017/2018 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (0+4)<br>4 x 8 x 0,03 = 0,96<br>Практика на наставата по македонски јазик 1 (0+4)<br>4 x 8 x 0,03 = 0,96<br>Современ македонски јазик 7 – ПИТА (0+4)<br>4 x 8 x 0,03 = 0,96<br>Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (0+2)<br>2 x 8 x 0,03 = 0,48<br>(бројот на работните недели за зимскиот семестар е пресметан по изборот во звањето доцент на 15.11.2017)<br><br>Методика на наставата по македонски јазик 2 (0+4) | 0,96<br>0,96<br>0,96<br>0,48<br><br>1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Практика на наставата по македонски јазик 2 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Современ македонски јазик 8 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9 | 1,8<br>1,8<br>0,9 |
| 1.5.2. | 2018/2019 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Практика на наставата по македонски јазик 1 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Современ македонски јазик 7 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9<br><br>Методика на наставата по македонски јазик 2 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Практика на наставата по македонски јазик 2 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Современ македонски јазик 8 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9 | 1,8<br>1,8<br>1,8<br>0,9<br><br>1,8<br>1,8<br>1,8<br>0,9 |
| 1.5.3. | 2019/2020 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Практика на наставата по македонски јазик 1 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Современ македонски јазик 7 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9<br><br>Методика на наставата по македонски јазик 2 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Практика на наставата по македонски јазик 2 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Современ македонски јазик 8 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9 | 1,8<br>1,8<br>1,8<br>0,9<br><br>1,8<br>1,8<br>1,8<br>0,9 |
| 1.5.3. | 2020/2021 зимски и летен семестар | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Современ македонски јазик 7 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9 | 1,8<br>1,8<br>0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Методика на наставата по македонски јазик 2 (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Современ македонски јазик 8 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 8 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9 | 1,8<br><br>1,8<br><br>0,9 |
| 1.5.3. | 2021/2022 зимски и летен семестар | |
| | Современ македонски јазик 8 – ПИТА (0+4)<br>4 x 15 x 0,03 = 1,8<br>Граматика на македонскиот јазик 7 – ПИТА (0+2)<br>2 x 15 x 0,03 = 0,9 | 1,8<br><br>0,9 |
| **1.6.** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1<br>Методика на наставата по македонски јазик 2<br>2018/2019 2 x 1 = 2 | 2 |
| **1.7.** | **Консултации со студенти** | |
| | 2017/2018 зимски (50) и летен (96) семестар<br>146 x 0,002 = 0,292<br>2018/2019 зимски (71) и летен (73) семестар<br>144 x 0,02 = 0,288<br>2019/2020 зимски (80) и летен (71) семестар<br>151 x 0,02 = 0,302<br>2020/2021 зимски (70) и летен (64) семестар<br>134 x 0,02 = 0,268<br>2021/2022 зимски (60) и летен (57) семестар<br>117 x 0,02 = 0,234 | 0,3<br><br>0,3<br><br>0,3<br><br>0,3<br><br>0,2 |
| **1.8.** | **Ментор на дипломска работа** | |
| | 2018/2019 2 x 0,2 = 0,4<br>2020/2021 1 x 0,2 = 0,2<br>2021/2022 1 x 0,2 = 0,2 | 0,8 |
| **1.9.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | 2018–2022 15 x 0,1 = 1,5 | 1,5 |
| **1.10.** | **Интерна скрипта од предавања** | |
| | Методика на наставата по македонски јазик 1 и 2<br>1 x 4 = 4 | 4 |
| **1.11.** | **Научно-популарна книга** | |
| | *Лозје – учебник по македонски јазик за странци – средно рамниште*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје, 2019. (автор)<br>*Правопис на македонскиот јазик* (електронско издание pravopis.mk, 6 декември 2017). Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје. (коавтор) | 6<br><br>4 |
| **1.12.** | **Научно-популарна статија во стручно-методски списание** | |
| | Јазикот на медиумите меѓу комуникацијата и | |

| | | |
|---|---|---|
| | метајазикот во основното образование. *Литературен збор 1–6,* Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РС Македонија. Скопје, 2019, 171–181.<br>За наставата по правопис и интерпункција во чест на јубилеите во 2020. *Литературен збор 1–3,* Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РС Македонија. Скопје, 2020, 117–131. | 1<br><br>1 |
| **1.13.** | **Рецензија на универзитетски учебник** | |
| | *Македонски јазик за професионални цели* (второ издание). Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово. 2021. | 1 |
| | **Вкупно 127,8** | **128** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 2.1. | **Раководител на национален научен проект**<br>*Лицата со оштетен вид во улога на наставници* – Филолошки факултет „Блаже Конески“ и Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – 2018 | 6 |
| 2.2. | **Учесник во национални научни проекти**<br>Потпроект: *Introducing Media Literacy to Future Philologists* на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, во рамките на проектот на УСАИД за медиумската писменост – *Младите размислуваат.*<br>*Воведување на содржини за програма за животни вештини и училиште по мерка на детето и усогласување на наставните програми со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование.* Биро за развој на образованието на РСМ и УНИЦЕФ. 2021.<br>*TTS Voice Project –Speech synthesis software for the Macedonian and Albanian languages.* UNDPMK. 2021.<br>*Проект за развој на вештини и поддршка на иновации – развој и дизајн на концепција за средно четиригодишно техничко образование.* Биро за развој на образованието на РСМ. 2018.<br>*Правопис на македонскиот јазик* (електронско издание pravopis.mk, 6 декември 2017). Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје. | 3<br><br>3<br><br>3<br><br>3<br><br>3 |
| 2.3. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји.**<br>Преведувањето во наставата по Ј2. *5. Mednarodno znanstveno srečanje mladih humanistov – Slovanski jeziki v šolstvu, znanosti, literaturi in kulturi.* Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani. Ljubljana, 22 september 2017. Ljubljana, 2019, 35-45.<br>Наставата по македонски јазик како мајчин и како | <br><br>5 |

| | | |
|---|---|---|
| | немајчин – сличности и разлики. *Актуелни теоретско-методолошки проблеми на изучувањето и на наставата на словенските јазици, литератури и култури 2,* Комисија за методика на словенските јазици и литератури при Меѓународниот славистички комитет, Велико Трново, 2019. (во печат) | 5 |
| | 75 години стандарден македонски јазик, наставен македонски јазик и настава по македонски јазик. *XLVII меѓународна научна конференција на LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 4 – 5 септември 2020,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2021, 207–213. | 5 |
| | Слушањето и читањето како комуникациски и како методички појави во онлајн наставата по македонски јазик. *Дигитална хуманистика и словенско културно наслеђе. Комисија за електронске библиотеке и дигиталну хуманистику МКС, Комисија за словенски свет и културе на Путу свиле МКС, Комисија за наставу словенских језика и књижевности МК, 28. и 29. јуни 2021, онлајн.* (во печат) | 5 |
| | Концептот на Конески за „поврзување на плановите“ и неговиот одраз во наставата по македонски јазик. *XLVIII научна конференција на LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 3 – 4.9.2021),* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. (во печат) | 5 |
| | *Да*-конструкциите во прозата на Конески. *100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, 13 – 14 декември 2021.* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. (во печат) | 5 |
| | За едно функционално и целисходно научно тројство во наставата по македонски јазик. *Меѓународна научна конференција ,,75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи", 16-18 мај 2022, Охрид.* Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. (во печат) | 5 |
| | (Алексова, Г., Димитриева-Ѓорѓиевска, М.) Наставата на далечина – проблеми и решенија низ примери од наставата по македонски јазик. *Меѓународна научна конференција „75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи“, 16 – 18 мај 2022, Охрид.* Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. (во печат) | 5 |
| | Принципот на научност во моделирањето наставен час. Научна конференција *Актуелни теориско-методолошки проблеми во истражувањето и во наставата по словенските јазици, книжевности и култури III*, Комисија за настава на словенските јазици и книжевности на Меѓународниот славистички комитет | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | и Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Скопје, 3 и 4 јуни 2022 г. (во печат) | |
| 2.4. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>Јазикот на медиумите меѓу комуникацијата и метајазикот во основното образование. *Литературен збор 1–6,* Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РС Македонија. Скопје, 2019, 171–181.<br>За наставата по правопис и интерпункција во чест на јубилеите во 2020. *Литературен збор 1–3,* Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РС Македонија. Скопје, 2020, 117–131. | 3<br>3 |
| 2.5. | **Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>Когнитивните структури (структурите на знаење) во наставата по македонски јазик како странски. *Предавања на 52. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2019).* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. 2020, 133–146.<br>Стилистичките бележења во *Граматиката* на Конески. *Предавања на LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура* (Охрид, 2021). Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. (во печат) | 3<br>3 |
| 2.6. | **Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација**<br>Преведувањето во наставата по Ј2. *5. Mednarodno znanstveno srečanje mladih humanistov – Slovanski jeziki v šolstvu, znanosti, literaturi in kulturi.* Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani. Ljubljana, 22 september 2017.<br>Наставата по македонски јазик како мајчин и како немајчин – сличности и разлики. *Актуелни теоретско-методолошки проблеми на изучувањето и на наставата на словенските јазици, литератури и култури 2,* Комисија за методика на словенските јазици и литератури при Меѓународниот славистички комитет, Велико Трново.<br>75 години стандарден македонски јазик, наставен македонски јазик и настава по македонски јазик. *XLVII меѓународна научна конференција на LIII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, 4 – 5 септември 2020,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>Слушањето и читањето како комуникациски и како методички појави во онлајн наставата по македонски јазик. *Дигитална хуманистика и словенско културно наслеђе.* Комисија за електронске библиотеке и дигиталну хуманистику МКС, Комисија за словенски свет и културе на Путу свиле МКС, Комисија за наставу словенских језика и књижевности МК, Белград, 28. и 29. јуни 2021. | 1<br>1<br>1<br>1<br>1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Концептот на Конески за „поврзување на плановите“ и неговиот одраз во наставата по македонски јазик. *XLVIII научна конференција на LIV летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 3. –4.9.2021),* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 1 |
| | *Да*-конструкциите во прозата на Конески. *100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет, 13 – 14 декември 2021*. Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 1 |
| | За едно функционално и целисходно научно тројство во наставата по македонски јазик. *Меѓународна научна конференција „75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи", 16-18 мај 2022, Охрид.* Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 1 |
| | (Алексова, Г., Димитриева-Ѓорѓиевска, М.) Наставата на далечина – проблеми и решенија низ примери од наставата по македонски јазик. *Меѓународна научна конференција „75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи“, 16–18 мај 2022, Охрид.* Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 1 |
| | Принципот на научност во моделирањето наставен час. *Научна конференција Актуелни теориско-методолошки проблеми во истражувањето и во наставата по словенските јазици, книжевности и култури III*, Комисија за настава на словенските јазици и книжевности на Меѓународниот славистички комитет и Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Скопје, 3 и 4 јуни 2022 г. | |
| 2.7. | **Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција** | |
| | Преведувањето во наставата по Ј2. *5. Mednarodno znanstveno srečanje mladih humanistov – Slovanski jeziki v šolstvu, znanosti, literaturi in kulturi.* Filozofska fakulteta Univerze v Ljubljani. Ljubljana, 22 september 2017. https://www.academia.edu/34621595/Slovanski_jeziki_v_%C5%A1olstvu_znanosti_literaturi_in_kulturi_Slavic_Languages_in_Education_Science_Literature_and_Culture | 1 |
| | За едно функционално и целисходно научно тројство во наставата по македонски јазик. *Меѓународна научна конференција „75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи", 16–18 мај 2022, Охрид.* Филозофски факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. | 1 |
| | (Алексова, Г., Димитриева-Ѓорѓиевска, М.) Наставата на далечина – проблеми и решенија низ примери од наставата по македонски јазик. *Меѓународна научна конференција „75 години Институт за педагогија – Воспитно-образовни предизвици и перспективи“, 16–18 мај 2022, Охрид.* Филозофски факултет – Скопје, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. http://fzf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/05/EDUCATIONAL-CHALLENGES-AND-FUTURE-PROSPECTS_BOOK-OF-ABSTRACTS-2022.pdf?fbclid=IwAR1DNBrVZswzBPYP-vr3BhUehNfEKpSPxCieJWQinIE4mEwRKF-Sn4s_584 | |
| | **Вкупно 90** | **90** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 3.1. | **Речник, стручна енциклопедија или поимник**<br>*Правопис на македонскиот јазик* (електронско издание pravopis.mk, 6 декември 2017). Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје. (коавтор) | 3 |
| 3.2. | **Рецензент на учебник за основно образование**<br>Ј. Д. Диздаревиќ, *Македонски јазик за IV одделение.* Министерство за образование и наука на РСМ. | 0,5 |
| 3.3. | **Експертски активности: супервизија и стручно мислење**<br>Член на Национален експертски тим за развој на модуларизирани наставни програми базирани на компетенции – 2018 | 1 |
| 3.4. | **Учество во работата на комисии за државни натпревари**<br>Акредитирани државни натпревари по македонски јазик и литература за основно образование во 2017/18, 2018/19, 2019/20, 2020/21:<br>гпревари на знаење 4 x 1 = 4<br>цитаторски натпревари 4 x 1 = 4<br>Акредитирани државни натпревари по македонски јазик и литература за средно образование во 2017/18, 2018/19, 2019/20, 2020/21:<br>гпревари на знаење 4 x 1 = 4<br>цитаторски натпревари 4 x 1 = 4<br>гпревар за најдобар есеј 4 x 1 = 4 | 4<br>4<br>4<br>4<br>4 |
| 3.5. | **Стручна редакција на трудови на македонски јазик – статии**<br>*XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на МСМЈЛК*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019.<br>10 x 0,25 = 2,5<br>*11. Научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2021.<br>4 x 0,25 = 1 | 2,5<br>1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3.6. | **Уредник на научно/стручно списание**<br>*Литературен збор,* Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РСМ – 2020<br>*Литературен збор,* Сојуз на друштвата за македонски | 2<br>2 |

| | | |
|---|---|---|
| | јазик и литература на РСМ – 2022 | |
| 3.7. | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**<br>*Литературен збор,* Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на РСМ – 2021 | 0,5 |
| 3.8. | **Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир**<br>*XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на МСМЈЛК*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019.<br>*Предавања на LIV летна школа на МСМЈЛК,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2021.<br>*Прва зимска школа на МСМЈЛК (на далечина) Скопје, 25.1.–5.2.2021 година, Конески на 11 јазици,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2021.<br>*Конески на 11 јазици (Зборник од преводите на семинаристите на 54. Летна школа (Охрид, 15.8. — 2.9.2021 г.) и на првата Зимска школа (Скопје, 25.1. — 5.2.2021 г. на далечина) на МСМЈЛК при УКИМ.* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2021. | 1<br>1<br>1<br>1 |
| 3.9. | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>*11. Научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2021.<br>*Актуелни теориско-методолошки проблеми во истражувањето и во наставата по словенските јазици, книжевности и култури III*, Комисија за настава по јазик и литература при Меѓународниот славистички комитет и Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2022. | 2<br>2 |
| 3.10. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**<br>*XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на МСМЈЛК*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2019.<br>*Одбор за одбележување на 100-годишнината од раѓањето на Блаже Конески и 75-годишнината од основањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје,* Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2021. | 1<br>1 |
| 3.11. | **Член на универзитетска комисија**<br>Комисија за настава на УКИМ<br>Универзитетска конкурсна комисија за 2021<br>Универзитетска конкурсна комисија за 2022 | <br>1<br>1<br>1 |
| 3.12. | **Член на факултетска комисија**<br>Комисија за евалуација, поткомисија на Катедрата за македонски јазик – 2018<br>Комисија за спроведување испит по предметот Синтакса на современиот македонски јазик 2 – 2019<br>Комисија за студентски конкурс за наградата „Блаже Конески“ за есеј – 2019<br>Изборна комисија за спроведување тајно гласање за | <br>0,5<br>0,5<br>0,5<br>0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | избор на ректор – 2020<br>Изборна комисија за спроведување тајно гласање за избор на сенатори – 2020<br>Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за македонски јазик – 2021<br>Комисија за настава по методика – 2021 | 0,5<br>0,5<br>0,5 |
| 3.13. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>Член на Советот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура – 2020 –<br>Член на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата за македонски јазик, литература и култура на РСМ 2017 –<br>Член на Стручниот тим за изработка на нови наставни програми по македонски јазик за средно стручно образование при БРО на РСМ – 2018<br>Член на Стручниот тим за изработка на нови наставни програми по македонски јазик за учениците од другите заедници од 4. до 9. одд. при БРО на РСМ – 2018 и 2019<br>Член на Стручниот тим за спроведување обуки за наставниците од одделенска настава во проектот на МОН на РСМ за реформите во основното образование – 2021<br>Член на Стручниот тим за изработка на наставни програми по македонски јазик од 1. до 5. одд. според новата концепција на основното образование при БРО на РСМ – 2021 | 1<br>1<br>1<br>1<br>1<br>1 |
| 3.14. | **Претседател на здружение поврзано со струката**<br>Сојуз на друштвата за македонски јазик, литература и култура на РСМ | 2 |
| | **Вкупно 57** | **57** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **128** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **90** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **57** |
| **Вкупно** | **275** |

**Членови на Комисијата**

**Д-р Анета Дучевска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.**
**Д-р Томислав Треневски, редовен професор, с.р.**